


# **Упатство за користење на социјални медиуми** за волонтери и вработени во Црвен крст на Република Македонија

Црвен крст на Република Македонија

## За кого се овие насоки

Многумина од нас ги користат социјалните медиуми како редовна основа за комуникација во нашиот личен живот, но исто така и за активностите на Црвениот крст, што не прави сите нас амбасадори на нашата организација во виртуелните заедници.

Доколку ги користите алатките на социјалните медиуми како што се Facebook, Twitter, Flickr или YouTube, доколку имате сопствен блог или доколку постирате коментари на блогови на други луѓе без разлика на лично или професионално ниво, тогаш овие насоки се за вас.

## Зошто "лични" и "приватни" не е исто

Додека комуникацијата преку социјалните медиуми е примарно лична работа, тоа не е исто што и приватно. Во повеќето случаи, пишаната конверзација во овие мрежи може да биде најдена преку страниците за пребарување како Google. Дури и кога само вашите контакти можат да видат што пишувате, постои можност некој да коментира на тоа што го пишувате и тоа да биде видливо за поширока публика. Како резултат на тоа, личната конверзација на социјалните мрежи треба да се смета за јавна а не за приватна.

# Вовед

Црвениот крст на Република Македонија го потврдува фактот дека денешните заедници не постојат само во физичкиот свет, туку и виртуелно. Раководството на Црвениот крст на Република го препознава широкиот опсег кој можат да го имаат виртуелните заедници на позитивен и негативен план. Затоа, сакаме да ги охрабриме сите вработени лица и волонтери да ги користат новите социјални мрежи да комуницираат на теми во рамките на своите полиња на работа и познавање придржувајќи се исклучиво врз  Основните принципи и Етичкиот кодекс на Националното друштво.

Додека комуникацијата во име на нашата организација е примарна одговорност на „лицето за односи со јавност и комуникации“, раководството препознава дека сите вработени лица и волонтери можат да помогнат во остварувањето на целите на Црвениот крст и можат да бидат амбасадори на нашиот бренд преку употреба на социјалните мрежи во секојдневната работа како и во личниот живот.

Овие насоки се креирани да обезбедат помош, практични совети во нашиот секојдневен живот, како и да го заштитат имиџот на Црвениот крст на Република Македонија и на вработените и волонтерите во Црвениот крст ширум светот.

Доколку сте активни на социјалните мрежи и имате одредени прашања, ве молиме контактирајте не на mrc@redcross.org.mk

## ДОБРИ ПРАКТИКИ

*Следниве насоки за социјални медиуми имаат за цел да им послужат на вработените и волонтерите на Црвениот крст на Република Македонија.*

Доколку вие лично, или вашата организација сака да ги користи социјалните медиуми за промовирање на активностите на Црвениот крст на Република Македонија, Ве молиме контактирајте со лицето за односи со јавност и комуникации кое ја има водечката улога за активностите на социјалните медиуми на Црвениот крст на Република Македонија. Лицето за односи со јавност ќе Ви обезбеди постојаност и поддршка со добри практики.

Кога споделувате било каква информација која се однесува на работата на Црвениот крст, треба да ја знаете целта на пораката која сакате да ја испратите. Секогаш имајте предвид на кого сакате да се обратите преку вашиот пост.

Лична одлука е дали ќе ги користите социјалните медиуми и алатки, но треба секогаш да имате предвид дека вашето однесување и мислење се одразува и на организацијата. Затоа секогаш бидете свесни за потенцијалните ризици кои вашите пораки можат да ги донесат за вас и за Црвениот крст на Република Македонија. (на пример: дали соопштувам неточна/внатрешна информација? Дали ја ставам во ризик безбедноста на колегите/корисниците? )

Бидете посветени и секогаш споделувајте ги позитивните страни на вашата работа и афирмирајте ги успесите со кои сте учествувале во Црвениот крст на Република Македонија.

Доколку имате профил и сакате да зборувате за работи кои се поврзани со работата, ставете општ додаток на секоја страна што јасно ќе назначи дека вашите гледишта и искази се ваши лични. За лични блогови кои не се поврзани со работата, исто така ве охрабруваме да вклучите општ додаток согласно вашата вклученост во организацијата. Бидете свесни дека додатокот нема да ве ослободи од обврските кои произлегуваат од Основните принципи и етичкиот кодекс на организацијата. Доколку имате профил „за себе“, Ве советуваме да не употребувате фотографии каде стоите пред амблемот на организацијата за да се остави впечаток на официјално претставување.

**> Пример:** "*Твитовите се мои лични и немаат поврзаност со ставовите на мојот работодавец“.*

Црвениот крст верува дека споделувањето на информации и искуства е од корист за целата хуманитарна заедница и заедниците на кои им служиме. Бидете информативни, но и лични во тоа што го пишувате:

На пример, чувствувајте се слободно да споделувате и дискутирате за Ваши искуства (на пример за кампањи за вакцинација, теренска комуникација, градење на транзитни центри итн). Доколку вработените и волонтерите на Црвениот крст на Република Македонија се сметаат за луѓе кои се стручни и помагаат, ова може да се одрази позитивно и на Вас и на организацијата.

Осонбено треба да сте внимателни кога се во прашање внатрешни/оперативни и/или доверливи информации. Доколку не сте сигурни, консултирајте го сопственикот на информацијата која сакате да ја споделите. Исто така избегнувајте да ја коментирате работата на колегите од оваа, но и од други организации бидејќи тоа е надвор од вашето поле на експертиза.

Движењето на Црвениот крст е комплексна организација и глобално работиме во комплексен правен и оперативен контекст. Луѓето често не разбираат или одбираат да не разберат како Движењето дејствува. Доколку наидете на неправилна презентација на Движењето, слободно да се идентификувате себе со организацијата и корегирајте ја нивната грешка, но направете го тоа со употреба на факти.

Доколку не се чувствувате пријатно да го сторите тоа самите контактирајте не на mrc@redcross.org.mk.

**> На пример:** *Еден весник напиша неправилно дека Национално друштво комплетно ќе ја укине употребата на крстот и ќе ја замени со кристал. Голем број на блогери ја споделија информацијата преку Twitter и други канали. Одговоривме со кратка порака вклучувајќи ги и зборовите: "Тоа не е точно. Црвениот кристал е дополнителен амблем и нема да го замени крстот или полумесечината. Државите и Националните друштва кои моментално го користат и сакаат да ја задржат употребата на Црвениот крст или Црвениот крстал ќе продолжат и понатаму.*

Во повеќето случаи луѓето немаат против да бидат корегирани и најчесто корекцијата ја дистрибуираат самите. Сепак, доколку чувствувате дека некој намерно неправилно ги претставува вашите одговори, едноставно игнорирајте го.

Доколку сте увиделе дека сте направиле грешка признајте ја и исправете ја. Доколку корегирате претходен пост или во блог го направите тоа видливо, на пример преку употреба на конкретна функција, додадете параграф кој го објаснува дополнувањето на крајот.

**> На пример:** *"Дополнување, 30 Октомври 2015: Мојот тим испорача 500 пакети на целните групи, а не 5000 како што напишав претходно."*

Доколку сакате да објавите нешто за што се двоумите, тогаш не го објавувајте. Обидете се да идентификувате што ве загрижува пред да продолжите. Доколку тоа е поврзано со Црвениот крст на Република Македонија побарајте од колегите или претпоставените второ мислење. Имајте предвид дека на крајот, објавата е ваша одговорност.

Повеќето веб страни дозволуваат да имате некаква контрола на тоа кој може да го види вашиот материјал. Прилагодете ги овие параметри на ниво на кое се чувствувате најдобро.

**> Пример:** *На Facebook може да ја контролирате Вашата приватост во делот “Privacy Settings”. Ви препорачуваме да ги поставите овие поставки на “Friends” или употребете ја опцијата “Custom” за уште поголема контрола.*

Бидете особено внимателни со тоа што го дискутирате online доколку сте во оперативен контекст. Осигурајте се дека ги следите безбедносните побарувања на Црвениот крст на Република Македонија. Никогаш не зборувајте за рутите или планираното време на дистрибуција на помош. Доколку се сомневате, разговарајте со вработените во организацијата. Никогаш не постирајте лични детали како што се Вашата домашна адреса или на адресите на колегите.

Кога ги користите фотографиите и видеата на Црвениот крст на Република Македонија, осигурајте се да вклучите соодветен атрибут и линк до соодветната веб страна. Медиумите објавени во блоговите треба да го почитуваат авторскиот труд и да оддадат признание на сопственикот (ЦКРМ, фотографот итн.).

Доколку планирате да сликате фотографии или снимате видеа, особено со аматерска опрема, одвојте време да ги погледнете советите и информациите обезбедени во насоките за фотографирање и снимање видеа на Црвениот крст на Република Македонија.

При користењето на слоцијалните мрежи постои опасност да се соочите со разни гледишта на општествените случувања, особено за чувствителни теми. Бидете внимателни и најдете начин да одговорите, но со почит дека не се согласувате. Доколку е потребно повикајте се на Кодексот за однесување или Основните принципи.

Многу страни на социјални мрежи исто така имаат сопствени правила за употреба со кои треба да се запознаете.

Поврзете се со колегите преку социјалните мрежи и споделувајте ги успешните приказни. Со цел да Ви помогнеме, вклучивме неколку линкови од официјалните профили на Црвениот крст на Република Македонија во додаток.

Зависи од Вас дали сакате да се вклучите во професионални дискусии за Црвениот крст на Вашиот профил на социјалниот медиум. Но доколку се вклучите бидете подготвени за можноста да се вклучите во различни дискусии со луѓе од Вашата мрежа. Ако се случи тоа, секогаш бидете одговорни и одговорете мудро.

## ПОСТОЕЧКИ ПРАВИЛА И ОБВРСКИ

### 1. Почитувајте ги луѓето

Секогаш дејствувајте согласно Основните принципи кога сте во интеракција со други луѓе на социјалните медиуми. Ова вклучува почитување на сите луѓе подеднакво и без дискриминација на основа на националност, раса, пол, религија, класа, политичка ориентација имајќи ги во предвид чувствителните обичаи, навики или верувања на луѓето.

### 2. Набљудувајте неутрално

Не се вклучувајте во политички иницијативи. Повикајте се на Етичкиот кодекс/кодексот на однесување на Црвениот крст на Република Македонија и Основните принципи.

Во контекст на социјалните медиуми, важно е да знаете дека кодексот на однесување на Црвениот крст на Република Македонија и Основните принципи не се однесуваат само кога го претставувате Црвениот крст на Република Македонија, туку тие важат 24 часа, 7 дена во неделата- дури и кога сте на одмор.

### СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ ВО комуникација при ИТНИ СИТУАЦИИ

За време на итни ситуации, особено за време на првите часови после катастрофа или криза, голем број на информации циркулираат низ социјалните медиуми со значителни разлики во бројки зависно од изворите. Пред да објавите некаква информација осигурајте се дека таа е точна и е од проверен извор. Секогаш имајте ја во предвид Вашата позиција во Црвениот крст, Вашите следбеници може да сметаат дека она што го пишувате е официјална информација. Кога постирате за одговор на Црвениот крст на Република Македонија користете информации наменети за јавноста и избегнувајте коментирање на внатрешни и оперативни работи.

**> Пример:** *Во пресрет на изборниот процес во државата, една од политичките партии започна со кампања на напади на активностите на конкурентната партија преку Facebook и Twitter. Тие побараа од своите членови да ги модифицираат своите слики на профилите и да постираат текстови за поддршка на следните избори.* ***Како вработено лице во Црвениот крст не смеете да земате учество во овие или други поврзани активности затоа што тоа ќе значи прекршување на принципот на Неутралност и на Етичкиот кодекс.***

Дополнително на Етичкиот кодекс на Црвениот крст на Република Македонија, Основните принципи и кодексот за однесување истото важи и за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина и НВО секторот во одговорот при катастрофи.

### 3. Бидете кохерентни

Дури и кога постирате лични содржини на Вашиот профил, секогаш бидете кохерентни и никогаш не пишувајте нешто што не е во согласност со Основните принципи. Дури и една погрешна порака може да го загрози кредибилитетот и Вашиот глас како амбасадор на Црвениот крст и има потенцијал да наштети на довербата во Црвениот крст како неутрална и непристрасна организација.

### 4. Не користете амблеми

Не можете да користите амблеми како дел од Вашиот блог или профил на социјалниот медиум (слика на профил, слика во позадина итн.), бидејќи

амблемот на Црвениот крст е заштитен со Законот за Црвен крст и може да се користи за официјална употреба. Неправилна употреба на логото може исто така да ги наведе луѓето да мислат дека зборувате во име на Црвениот крст на Република Македонија и да ги сметаат Вашите коментари за официјални ставови. Доколку имате прашања на оваа тема погледнете ги Правилата за употреба на Амблемот на Црвениот крст

**5. Заштитете ги информациите**

Не објавувајте осетливи информации за корисниците каде што има ризик од негативни последици за нив (вклучувајќи имиња, лица и географски локации). Не комуницирајте со никого за информациите на Црвениот крст на Република Македонија кои не се јавни.

**6. Фокусирајте се на Вашата работа**

Додека раководните структури на Црвениот крст на Република Македонија ги охрабруваат употребите на социјалните медиуми за работни цели и препознаваат дека тие можат да бидат вреден ресурс, осигурајте се дека Вашите online активности не ги попречуваат Вашите работни задолженија.

**7. Известувајте го Вашиот претпоставен**

Информирајте го претпоставениот за Вашите активности на социјалните медиуми поврзани со работата за да се осигурате дека се свесни и се согласуваат со информациите кои ги споделувате.

**8. Следете ги безбедносните правила на ИТ**

Не преземајте и не инсталирајте софтвери кои ги наоѓате на социјалните мрежи на Вашиот работен компјутер.

**9. Почитувајте ја приватноста**

Почитувајте го правото на приватност на луѓето и не ги фотографирајте или снимате без нивна дозвола. Имајте во предвид дека многу луѓе кои биле во трауматични ситуации може да се растревожени и да кажат „да“ а подоцна да се покајат. Дури и да ги сликате или снимате за лична употреба, внимавајте да го почитувате достоинството на луѓето кои ги сликате. Доколку се сомневате, не постирајте фотографија или видео. Вашата задача е да ги заштитите ранливите лица, не да ги експлоатирате. Фокусирајте се на позитивни слики. Не постирајте нешто за малолетни лица што може да ги идентификува нив или местото каде живеат.

**10. Внимавајте со бројките**

Секогаш проверете ја точноста на сите бројки пред да ги постирате на социјалните медиуми. Бројките кои доаѓаат од надворешни извори (партнери, други организации, владини институции) секогаш мора да се референцираат. Бројките се многу атрактивни за медиумите и доколку не се референцираат точно, личен блог може лесно да се претвори во главен наслов кој гласи како „Црвениот крст изјави: 10 000 жртви во... “.

## ДОДАТОК

Официјални социјални медиуми на Црвениот крст на Република Македонија:

**Facebook**

https://www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija/

**YouTube**
https://www.youtube.com/channel/UCNcAkpMFaen4FsJmYsQA83A

**Twitter**

https://twitter.com/macedonian_rc

## ПОИМНИК НА ЗБОРОВИ

**Постирање** - постави, објави, испрати порака/слика на facebook, twitter и итн.

**Online** **-** да сте вклучени на facebook, twitter и итн.

**Профил/блог** –личен опис со Ваши податоци на facebook, twitter и итн.

**За повеќе информации, ве молиме контактирајте со:**
Црвен крст на Република Македонија
Адреса: Бул. Кочо Рацин бр.13 Скопје
Телефон: 02/ 3114 355
E-mail: mrc@redcross.org.mk
Website: redcross.org.mk
https://www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija/